„Кој наштетува Аллах ќе му наштети, кој отежнува Аллах ќе му отежни.“

Од Ебу Сирме, радијаллаху анху, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој наштетува Аллах ќе му наштети, кој отежнува Аллах ќе му отежни.“

[حسن] [رواه أبو داود والترمذي وابن ماجه وأحمد]

Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нè предупредува да не му наштетуваме на ниту еден муслиман, и да не му отежнуваме, без разлика за што се работи: за неговиот живот, имот или семејство. А кој ќе го направи тоа, Семоќниот Аллах ќе го казни на ист начин, со делото што го направил.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5375